**2894.**

Врз основа на член 7 став 1 точки 8 и 9 од Законот за заштита на растенијата ("Сл. весник на РМ" бр. 25/98 и 6/2000), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство издава

## НАРЕДБА
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ПРИ УВОЗ НА КОМПИР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со цел да се спречи внесувањето на причинителот на бактериското венење на компирот (Ralstonia / Pseudomonas / Solanacearum / Smith / Yabuuchi et al ) на територијата на Република Македонија, се пропишуваат мерки при увоз на семенски компир и компир наменет за исхрана и индустриска преработка

Член 2

За увоз на семенски компир во Република Македонија мораат да се преземат следните мерки:

1. фитосанитарното уверение за пратките компир, од надлежниот орган на земјата извозник, мора да содржи дополнителна изјава, со која се потврдува дека мострите од кртолите биле тестирани и пратката не е заразена со причинителот на бактериското венење на компирот;

2. кртолите што се увезуваат мораат да бидат пакувани во неупотребувани вреќи или во контејнери кои претходно биле соодветно дезинфицирани и тоа е наведено во фитосанитарното уверение од земјата ивозник;

3. покрај задолжителниот здравствен преглед на пратките компир и прегледот на пропратните документи, инспекторот за заштита на растенијата на граничниот премин (во натамошниот текст: инспектор), при увозот на компир во Република Македонија ќе земе мостри за лабораториско испитување на присуството на причинителот на бактериското венење на компирот. Просечната мостра се зема од секоја партија, која е составена од една сорта и една семенска категорија, произведена на една парцела и под еден производствен број. Секоја мостра се зема во најмалку две повторувања, а во секое повторување има по 200 кртоли. Мострите мораат да бидат тестирани - испитани во овластена лабораторија во Република Македонија со IF-тест или со еквивалентен тест;

4. увозникот во пријавата за вршење на задолжителниот здравствен преглед на пратката е обврзан да го одреди местото на складирање односно царинење на пратката, а складирањето на компирот мора да биде посебно по партии;

5. по земањето на мострата за испитување на присуството на причинителот на бактериското венење на компирот на граничниот премин, инспекторот го пополнува и издава фитосанитарниот контролен лист, кој е даден во прилог на оваа наредба и е нејзин составен дел, со кој го задолжува соодветниот царински орган за стоковно царинење да го определи просторот, каде што пратката компир привремено ќе се чува, се додека надлежниот инспектор врз основа на резултатите од лабораториската анализа не го заврши здравствениот преглед;

6. ако на граничниот премин инспекторот не може да земе мостра за испитување на присуството на причинителот на бактериското венење на компирот, ги прегледува пропратните документи и фитосанитарното уверение и доколку тие одговараат на пропишаното со оваа наредба и Законот за заштита на растенијата, го пополнува и издава фитосанитарниот контролен лист, со кој го задолжува соодветниот царински орган за стоковно царинење да го определи просторот, каде што пратката компир привремено ќе се чува. Надлежниот инспектор во местото на складирање, врши здравствен преглед и зема мостра за испитување на присуството на бактериското венење на компирот и врз основа на резултатите од лабораториската анализа го завршува здравствениот преглед;

7. за наодот на инспекторот веднаш се известува Управата за заштита на растенијата при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

8. податоците од евиденцијата за увоз на компирот ги води увозникот и ги доставува до Управата за заштита на растенијата.

Член 3

За увоз на компир, наменет за исхрана и индустриска преработка, во Република Македонија, мораат да се преземат следните мерки:

1. во зависност од присуството на причинителот на бактериското венење на компирот во државата од каде потекнува, инспекторот при увозот на компир во Република Македонија, покрај задолжителниот здравствен преглед на пратките компир и прегледот на пропратните документи, ќе земе мостри за лабораториско испитување на присуството на тој штетен организам. Просечната мостра се зема во најмалку две повторувања, а во секое повторување има по 200 кртоли. Мострите мораат да бидат тестирани - испитани во овластена лабораторија во Република Македонија со IF-тест или со еквивалентен тест;

2. при увоз на компир, наменет за исхрана и индустриска преработка, покрај мерките од точка 1 на овој член, се применуваат и мерките од точките 2, 5, 6 и 7 од членот 2 на оваа наредба.

Член 4

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-7704/1
16 октомври 2000 година
Скопје

Министер,
**Марјан Ѓорчев,** с.р.

***МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО***

**РЕПУБЛИЧКА УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА**

Р.У. З. Р . Г.П. - ГРАНИЧНА ФИТОСАНИТАРНА КОНТРОЛА

——— 2000 год . тел: ; факс:

# ФИТОСАНИТАРЕН КОНТРОЛЕН ЛИСТ

N° ———

Увозник (име,адреса,тел.): .............
..................................................
Број на превозно средство ..............
Транспортер на робата во Мак
Име,адреса,тел: ............................
..................................................
..................................................

Вид на растителна роба: ..........................
Ботаничко име: ...........................................
.................................................................
Увоз од: .....................................................
Количество ................................................
Одобрение за увоз Б.Р. ...............................
N° - Ф.С.: ...................................................

| Инспекција на Г.П | | | | Дата ............. Резултати од прегледот и мислење |
|---|---|---|---|---|
| бр | Вид на растителна роба | Општо Кг./бр. | Кол.зем. пр Кг./бр. | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |

Испратена проба во надлежна институција за дополнителна експертиза, писмо. Б.Р ———

КОНТРОЛНИ ЛИСТИ (2 бр) ЈА ПРИДРУЖУВААТ РОБАТА ПОД КАРАНТИНСКИ РЕЖИМ ДО НАДЛЕЖНИОТ ИНСПЕКТОР ВО Р.У.З.Р ДО МЕСТОТО НА ИСТОВАР————————, ЗА КОНЕЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ

ИНСПЕКТОР:.......................
Фитосанитарна контрола: / ...................../

ПРИМИЛ:.....................
/ .......................... /

| Инспектор во Р.Ц за И.Д.П | | | | Дата ............... Резултати од прегледот и мислење,лабараторис преглед |
|---|---|---|---|---|
| бр | Вид на растителна роба | Општо Кгр/број | Кол.зем. пр Кгр/број | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |

Издаден фитосанитарен пасош N°. - ....................................

Извештај број од овгвластен институт: .................................................

Инспектор ............................

Фитосанитарен контролор / ................ /

Примил: ...........................
/ ........................................./